Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 август 2022 година

Скопје, август 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 август 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учестуваше и Лила Пејчиновска - Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавсво.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваа и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.
.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-7438/1 од 25.8.2022 година, со Предлог-одлука

2. Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, по скратена постапка

3. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделство

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-7438/1 од 25.8.2022 година, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да преземе соодветни активности за докапитализација на добиените средства од страна на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 2

Владата го разгледа Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да го усогласи текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Каја Шукова, државен секретар во Министерство за животна средина и просторно планирање и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 3

Владата разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделство и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 4

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 5

**1.** Владата по повод Барањето за промена на заклучок доставено Министерството за одбрана, заклучи да се измени Заклучокот под реден број 3 од „Информацијата за потребата на доделување на договор за набавка на батерија ПВО (против воздушна одбрана) со многу краток дострел (VSHORAD) помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција со склучување на Технички аранжман со Генералната дирекција за вооружување во состав на Министерството за одбрана на Република Франција (DGA)“ и да гласи:

„3. Владата на Република Северна Македонија го овластува потполковник Трајче Денчевски, началник на одделение во ВП 4770/50 Куманово, во име на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија да го потпише Рамковниот договор и Налогот за набавка бр.1 со компанијата MBDA од Република Франција за набавка на батерија ПВО (против воздушна одбрана) со многу краток дострел (VSHORAD), со што ќе се смета дека започнува набавката на опремата.

**2.** Владата и препорача на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија да го измени Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.146/22, во насока на зголемувањето на цената која ќе ја плаќаат потрошувачите кои се снабдуваат од снабдувачот во краен случај, наместо 50% над HUPX да биде 20% над HUPX, односно да се измени формулата од Прилог 4 на Тарифниот систем.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:05 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **Д-р. Артан Груби** |